Врз основа на член 109 став 1 точка 1 од Законот за домување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 99/2009, 57/2010, бр.57/2010, бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016 и бр.64/2018) и член 23 од Статутот на Регулаторна комисија за домување бр.01-06/2 од 01 ноември 2010 година, а одобрен од Собранието на Република Македонија со Одлука за одобрување на Статутот на Регулаторната комисија за домување бр.07-4471/1 од 28 октомври 2010 година („Службен весник на Република Македонија" бр.143/10) како и врз основа на Одлуката за изменување на Статутот на Регулаторната комисија за домување на 28 јуни 2019 година, одобрен од Собранието на Република Северна Македонија со Одлука за давање согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Регулаторната комисија за домување бр.08-4329/1 од 26 јули 2019 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.154/19). Регулаторната комисија за домување на седницата одржана на 23.09.2019 година донесе:

# С Т А Т У Т
# НА РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ДОМУВАЊЕ
**(Пречистен текст)**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со Статутот се уредува името, седиштето, печатот, штембилот организацијата ,управувањето и раководењето, и седиштето ,постапка за донесување на актите и нивното изменување и дополнување,како и други прашања од надлежност на Регулаторната комисија за домување.

### Член 2

Регулаторната комисија има својство на правно лице и е независна во своето работење и одлучување во рамките на надлежностите утврдени со овој закон.

Функцијата член на регулаторната комисија за домување се врши професионално.

## II. НАЗИВ, СЕДИШТЕ И ПЕЧАТ НА РЕГУЛАТОРНАТА КОМИСИЈА ЗА ДОМУВАЊЕ

**Член 3**

“(1)Називот на Регулаторната комисија за домување е: **РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ДОМУВАЊЕ.**

(2)Скратен назив е: **РКД**

(3) Називот на Албански јазик е: **KOMISIONI RREGULLATOR PËR BANIM.**

(4) Скратен назив на Албански јазик е: **KRRB**

(5) Нзивот на Англиски јазик е: **HOUSING REGULATORY COMMISSION.**

(6) Скратен назив на Англиски јазик е: **HRC**

(7) Називот на Регулаторната комисија за домување е испишан на табла која е истакната на влезот во бараката во која се наоѓа седиштето на Регулаторната комисија за домување.”

**Член 4**

“Седиштето на Регулаторната комисија е во Скопје на улица "Руѓер Бошковиќ" бб. – Скопје”

**Член 5**

Заради извршување на работите и задачите од својата надлежност.Регулаторната комисија за домување може да основа посебни организациони единици надвор од своето седиште, во соработка со органите на единиците на локалната самоуправа.

**Член 6**

Регулаторната комисија за домување има свое лого кое се определува со одлука на Регулаторна комисија за домување.

**Член 7**

“Регулаторната комисија за домување се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија, приходите остварени од вршење на работите од својата надлежност, средствата утврдени со други прописи и донации.”

**Член 8**

Регулаторната комисија за домување има свој печат до димензии од 39мм на 39мм. Печатот е со тркалезна форма, го содржи грбот на Република Северна Македонија и текстот Република Северна Македонија и Регулаторна комисија за домување е напишан на

македонски јазик и неговото кирилско писмо и на албански јазик. Регулаторната комисија за домување има штембил во форма на правоаголник, со димензии 30мм на 70мм, кој го содржи грбот на Република Северна Македонија и следниот текст: Република Северна Македонија, Регулаторна комисија за домување-Скопје, број и година, напишан на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на албански јазик.Регулаторната комисија за домување има приемен штембил во форма на правоаголник, со димензии 38мм на 77мм кој го содржи следниот текст: Република Северна Македонија , Регулаторна комисија за домување-Скопје, примено, организациона единица, број, прилог, вредност , напишан на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на албански Јазик.

Регулаторната комисија за домување има роковен штембил во форма на правоаголник , со исти димензии како штембилите во ставот еден од овој член, кој го содржи следниот текст: архивски знак според Планот на архивските знаци, рок на чување, дата на одлагање на предметот, како и потпис на овластеното лице, односно лицето кое го водело предметот, напишано на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на албански јазик.

Бојата на отпечатокот од печатот и штембилите на Регулаторната комисија за домување е со сино мастило.

Со Правилник за печатот и штембилите поблиску се уредува потребата и од други штембили за посебни намени, изработката, начинот на употреба и ракување, лицата овластени за нивна употреба и ракување и слично

## III. СОСТАВ, МАНДАТ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА РЕГУЛАТОРНАТА КОМИСИЈА ЗА ДОМУВАЊЕ

### Член 9

Регулаторната комисија за домување е составена од претседател и четири члена.

Мандатот на претседателот и членовите е пет години, со право на реизбор на уште еден мандат.

Претседателот ја претставува и застапува Регулаторната комисијата за домување во земјата и странство, во рамките на своите надлежности утврденени со Законот, овој статут и други акти на комисијата.

### Член 10

Членството на Регулаторната комисија за домување е неспојливо со извршување на секаква јавна функција, работно место или функција во политичка партија.Секаков вид на функција работно место или именување, престанува по сила на законна денот на именувањето за член на Реулаторна камисија за домување.

**Член 11**

Членовите на Регулаторната комисија за домување и вработените во стручната служба како и надворешните соработници (консултантите) ангажирани од Регулаторната комисија, се должни:

1. да ја вршат својата работа непристрасно, професионално и без влијание од вршителите на дејностите на стопанисување со станбен и деловен простор.
2. да не се раководат од лични финансиски интереси
3. да не ги злоупотребуваат овластувањата и статусот што го имаат како членови на Регулаторната комисија и вработените во стручната служба на Регулаторната комисјија
4. да го штитат угледот на Регулаторната комисија.

## IV. ЗАДАЧА И НАДЛЕЖНОСТИ НА РЕГУЛАТОРНАТА КОМИСИЈА ЗА ДОМУВАЊЕ

**Член 12**

(1) Регулаторната комисија ги има следниве надлежности:

1) донесува статут, деловник и други акти за својата работа;
2) се грижи за квалитетно задоволување на станбените потреби на населението, согласно со современите стандарди за квалитетен живот, заштита на животната средина и природата;
3) до министерот надлежен за работите од станбено-комуналната област поднесува предлог за висината на износот за посебните делови од резервниот фонд, најниската вредност на истиот, како и за видот на трошоците за кои ќе се користат средствата од резервниот фонд, во зависност од староста на објектот, бројот на посебните делови во зградата и видот на материјалот од кој е изградена зградата;
4) на барање на закупец на непрофитен стан ја проверува висината на непрофитна закупнина од членот 95 став (1) на законот за домување;
5) врши категоризација на станови и станбени згради согласно со пропишаните критериуми од членот 97 на законот за домување;
6) ги издава, продолжува и одзема лиценците за управител за вршење на дејностите на управување со станбените згради и води регистар на управители на станбени згради;
7) покренува иницијатива за донесување на закони и други прописи од областа на домувањето;
8) посредува во разрешувањето на спорови што настануваат меѓу закупците, закуподавачите, управителите, претседателите на заедниците на сопственици, сопствениците на посебните делови и трети лица во областа на домувањето и предлага мерки во врска со истите;

9) доставува предлог до надлежните органи за преземање мерки во согласност со нивната надлежност и во постапка пропишана со закон кон субјектите кои дејноста ја вршат спротивно од законот за домување;
10) врши периодични проверки на управителите за исполнувањето на условите врз основа на кои им е издадена лиценцата;
11) дава мислење за Стратегијата за домување и годишните програми од членовите 99 став (1) точка 2 и 100 став (1) на законот за домување;
12) организира средби за запознавање со новините во прописите од областа на домувањето и дава насоки во врска со вршење на дејностите на управување со станбените згради.

**Член 13**

Регулаторна комисија за домување ги пропишува начинот и постапката за запознавање на јавноста со својата работа.

За своето работење, Регулаторната комисија за домување најмалку два пати годишно доставува извештај на Собранието на Република Македонија.

**Член 14**

Во врска со пршањето од својата надлежност, Регулаторната комисија за домувањет соработува со државните органи , органите на единиците на локалната самоуправа и трговските друштва што вршат дејности од областа на домувањето .

**Член 15**

Регулаторната комисија соработува со меѓународни органи и организации во својство на учесник, член или на друга договорна основа во областите од заеднички интерес.

## V. НАЧИН НА РАБОТА НА РЕГУЛАТОРНАТА КОМИСИЈА

**Член 16**

Со Регулаторната комисија за домување раководи претседател

Во случај на отсуство или спреченост на претседателот на Регулаторната комисија за домување, претседателот за време на негово отсуство или спреченост го заменува член на комисија кое ќе го овласти претседателот

### Член 17

Регулаторната комисија работи на седници, согласно со деловникот за работа на Регулаторна комисија за домување

Седниците на Регулаторната комисија за домување се јавни, освен во случаите кога се изнесуваат доверливи информации и деловни тајни.

Регулаторната комисија за домување донесува одлуки со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови.

Прашањата во врска со свикувањето на седниците и другите прашања во врска со седниците на Регулаторната комисија се уредуват со Деловникот на комисијата

### Член 18

Регулаторната комисија за домување може по потреба да формира работни тела и да ангажира надворешни соработници (консултанти) заради проучување и разгледување на одредени прашања, подготовка на материјали, како и за извршување одредени задачи за потребите на Регулаторната комисија за домување.

Формирањето, делокругот, составот и начинот на работа на постојните и повремените работни тела, се утврдуваат со Деловникот на работа на Регулаторната комисја за домување , односно со одлука за нивно формирање.

## VI. СТРУЧНА СЛУЖБА НА РЕГУЛАТОРНАТА КОМИСИЈА

### Член 19

(1)“Вработените во Регулаторната комисија кои вршат административни работи имаат статус на административни службеници .

(2) За прашањата кои се однесуваат на работниот однос на вработените административни службеници, кои не се уредени со овој закон и со колективен договор, се применуваат одредбите од Законот за административни службеници и општите прописи за работните односи.

(3) Вработените во Регулаторната комисија кои вршат помошни и технички работи имаат статус на помошно-технички персонал.

(4) На помошно-технички персонал во Регулаторната комисија ќе се применува Законот за вработени во јавен сектор и општите прописи за работни односи.”

(5) Регулаторната комисија за домување има стручна служба со која раководи Претседателот на Регулаторната комисија за домување

(6) Претседателот на Регулаторната комисија за домување ја раководи стручната служба на начин кој обезбедува законито, стручно,одговорно, навремено, економично и рационално работење.
(7) Стручната служба ги врши стручните, административните и други работи од надлежност на Регулаторната комисија за домување.

**Член 20**

“ Работите и задачите во Регулаторна комисија за домување се вршат во организациони облици:
еден сектор две одделенија и едно самостојно одделение и тоа:

1.Сектор за општи, правни и нормативни работи
- Одделение за нормативно правни работи
- Одделение за финансиско работење

-Одделение за стандардизација на домувањето и издавање на лиценци “

Со Правилник за внатрешна организациона поставеност и систематизација на работни места поблиску се уредуваат: организационите делови и нивниот делокруг, работните места и називи во организационите делови, одговорностите на извршителите; начинот на раководење и извршување на задачите, како и други прашања од техничка, организациона и функционална природа.

## VII. АКТИ НА КОМИСИЈАТА

**Член 21**

Прашања кои се од значење на Ргулаторната комисија за домување , а не се уредени со овој Статут ќе се уредат со други акти на Регулаторната комисија за домување согласно закон.
Актите од став 1 на овој член ги донесува Регулаторната комисија за домување и не можат да бидат во спротивност со овој Статут.
Актите на Регулаторната комiсија за домување влегуваат во сила со денот на донесувањето и се објавуваат на огласната табла и на web страната на Регулаторната комисија за домување.

**Член 22**

Акти на Регулаторната комiсија се:
- Деловник за работа на Регулаторната комисија за домување;

- Правила за однесување на членовите и вработените во Регулаторната комисијата за домување заради спречување на судир на интереси и етички кодекс;
- Правилник за деловна тајна;
- Правилник за внатрешна организациона поставеност и систематизација на работни места;
- Правилник за заштита од пожар;
- Правилник за заштита при работа;
- Правилник за печатот и штембилите.

## VIII. ПРОГРАМИРАЊЕ И ПЛАНИРАЊЕ НА РАБОТАТА

### Член 23

Со годишна/і програма/і за работа се утврдуваат работите кои Регулаторната комисија за домување ги врши во рамките на својот делокруг, а кои произлегуваат од нејзините функции.

### Член 24

Врз основа на годишните програмски задачи, во Регулаторната комисија за домување се одредуваат конкретни задачи, нивните носители и рокови за извршување.

## IX. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА

### Член 25

Работата на Регулаторната комисија за домување е јавна.

Регулаторната комисија за домување ја известува јавноста за работата на нејзините одржани седници.

Регулаторната комисија за домување ги определува актите, работите и задачите кои се доверливи или не можат да се објавуваат.

Како доверливи се сметаат податоците содржани во актите, документите, информациите и публикациите кои не се достапни на јавноста согласно закононот за класифицирани информации.

### Член 26

Регулаторната комисја за домување издава службени публикации, одржува конференции за јавноста и создава услови за запознавање на истата со одлуките и работата на Регулаторната комисија за домување

**Член 27**

Податоци и известувања за работата на Регулаторната комисија за домување дава претседателот на Регулаторната комисија за домување или овластен член од страна на председателот на Регулаторната комисија за домување.

Претседателот на Регулаторната комисија за домување ќе го ограничи давањето податоци, ако истите претставуваат државна, воена, службена или деловна тајна или ако давањето такви податоци би било во спротивност со законот за класифицирани информации.

## XI. ПОСТАПКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ

**Член 28**

Изменувањето и дополнувањето на Статутот се врши по иста постапка како и постапката за неговото донесување.

## XII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 29**

Регулаторната комисија за домување е должна да ги донесе актите од членовите 23 и 24 на овој Статут во рок од 6 (шест) месеци од денот на неговото влегување во сила.

**Член 30**

Овој статут влегува во сила со денот на добивање на согласност од Собранието на Република Северна Македонија, а ќе се објави на огласната табла на Регулаторната комисија за домување.

**Број 01-496/1**
**Дата 23.09.2019 година**

**Скопје**

**Регулаторна Комисија за домување**
**Претседател**

**Д-р Ракип Малоски**